# Информација
# за извршени оперативни активности на
# ЈП Комунална хигиена за месец ноември/2022

## ВОВЕД

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

### I. Основна дејност:

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

### II. Дополнителни дејности

- Подигнување на згазени и умрени животни
- Подигнување –собирање на кабаст отпад,шут и
- Третман на фекални води/чистење на септички јами;

### III. Други оперативни активности

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

### IV. Вонредни активности

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад од физичките лица/домаќинства во урбаниот дел на подрачјето на Град Скопје се врши од садови за негово времено одлагање – контејнери од 1.100 литри, 3.200 литри и пластични канти од 120 литри, а во руралните средини од канти од 120 литри.

На подрачјето на Градот поставен е следниот број на садови за времено сместување на комуналниот отпад:

| | |
|---|---|
| **1.Контејнери од 1.100 л., 3.200 л. и 3.300 л.** | |
| - поставени во урбани средини од 1.100 л. | 3.253 |
| - поставени во рурални средини од 1.100 л. | 171 |
| - контејнери од 3.200 л. | 517 |
| - контејнери од 3.300 л.(подземни контејнери) | 112 |
| - контејнери од 3000л. и 5.000л. (полуподземни) | 6 |
| **2. Пластични канти од 120 литри/собирни места** | |
| - поставени пластични канти од 120 литри во урбани средини | 65.397 |
| - поставени пластични канти од 120 литри во рурални средини | 17.608 |
| - импровизирани садови/неповратна амбалажа во рурални средини | 2.396 |

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со Генералниот урбанистички план е поделено на 75 Блока и тоа :

- 20 блока со контејнери од 1.100 литри
- 6 блока со контејнери од 3.200 литри
- 2 блока со подземни контејнери од 3.300 литри
- 1 блок со полуподземни контејнери од 3.000 и 5.000 литри
- 46 блока со пластични канти од 120 литри

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно.

Микролокациите на садовите за времено одлагање на комуналниот отпад поставени на јавнопрометните површини ги определува надлежен градски орган,согласно сообраќајно - урбанистичките услови, нормативи/критериуми и друга регулатива.

## I. Собирање и транспортирање на комунален отпад

Во месец ноември/2022 година собрани и транспортирани се **13.808 тони** комунален отпад или просечно **460 тони** дневно.Направени се **2.125 тури** односно во просек **71 тура** дневно.

Од вкупно подигнатиот комунален отпад по видови на садови од вкупната количина на отпадот – 13.808 тони, од контејнери од 1.100/3.200 литри е подигнато 6.783 тони или 49,12%, од канти од 120 л. подигнато е 6.126 тони или 44,37% и од контејнери од 5.000 литри подигнато е 899 тони или 6,51%.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.ноември/2022 година изнесува 13.808 тони и во споредба со м.октомври/2022 година кога беа подигнати 13.973 тони, бележи намалување за 165 тони или за 1,18 %.

Собраниот и транспортиран комунален отпад од контејнери од 1.100/3.200 л. кој во м.ноември /2022 изнесува 6.783 тони, во споредба со м. октомври /2022– 6.998 тони, бележи намалување за 215 тони односно за 3,07%.

Вкупно собраниот комунален отпад од канти од 120 л. (урбан и рурален дел) за м.ноември/2022 изнесува 6.126 тони и истиот во споредба со м. октомври /2022 – 6.115 тони е зголемен за 11 тони или за 0,18%.

Кај отпадот собран од правни лица, каде во м.ноември /2022 се собрани 899 тони, во однос на м. октомври /2022 – 859 тони, бележиме зголемување од 40 тони односно за 4,66 %.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.ноември/2022 година изнесува 13.808 тони и во споредба со м.ноември/2021 година кога беа подигнати 14.238 тони, е намален за 430 тони односно 3,02%.

Кај направените тури во м.ноември/2022 година – 2.125 тури, бележиме намалување за 39 тури во однос на истиот месец во 2021 година кога беа направени 2.164 тури, односно намалување за 1,80%.

Во следниот Преглед дадени се количините на собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови (изразено во кг.) за м.ноември /2022 споредено со м. октомври /2022 година:

**Собран и транспортиран комунален отпад**
**по видови на садови за м.ноември/2022**

| Дата | Собран отпад од домаќинства | | | | Собран отпад од правни лица (контејнери од 5.000 л.) | Вкупно КХС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Контејнери од 1.100 л. | Канти од 120 л. | Рурални | Вкупно Канти од 120 л. и рурални | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(2+5+6) |
| 01.11.2022 | 224.820 | 181.760 | 54.600 | 236.360 | 41.500 | 502.680 |
| 02.11.2022 | 226.120 | 201.740 | 52.760 | 254.500 | 38.160 | 518.780 |
| 03.11.2022 | 217.420 | 158.540 | 52.520 | 211.060 | 34.500 | 462.980 |
| 04.11.2022 | 224.620 | 172.900 | 56.620 | 229.520 | 37.360 | 491.500 |
| 05.11.2022 | 215.340 | 130.280 | 3.720 | 134.000 | 4.860 | 354.200 |
| 06.11.2022 | 216.280 | 32.460 | 0 | 32.460 | 8.960 | 257.700 |
| 07.11.2022 | 252.340 | 264.200 | 48.940 | 313.140 | 44.560 | 610.040 |
| 08.11.2022 | 250.940 | 207.140 | 49.600 | 256.740 | 41.120 | 548.800 |
| 09.11.2022 | 238.660 | 254.360 | 44.460 | 298.820 | 39.040 | 576.520 |
| 10.11.2022 | 212.440 | 179.300 | 51.360 | 230.660 | 32.740 | 475.840 |
| 11.11.2022 | 220.220 | 179.240 | 51.060 | 230.300 | 31.420 | 481.940 |
| 12.11.2022 | 225.400 | 117.760 | 5.660 | 123.420 | 7.220 | 356.040 |
| 13.11.2022 | 224.920 | 21.680 | 0 | 21.680 | 8.360 | 254.960 |
| 14.11.2022 | 247.980 | 195.880 | 48.880 | 244.760 | 42.440 | 535.180 |
| 15.11.2022 | 254.280 | 222.280 | 55.200 | 277.480 | 38.960 | 570.720 |
| 16.11.2022 | 212.300 | 199.700 | 45.920 | 245.620 | 38.500 | 496.420 |
| 17.11.2022 | 219.900 | 221.180 | 47.140 | 268.320 | 33.020 | 521.240 |
| 18.11.2022 | 209.380 | 157.800 | 53.240 | 211.040 | 31.940 | 452.360 |
| 19.11.2022 | 217.400 | 106.360 | 0 | 106.360 | 8.380 | 332.140 |
| 20.11.2022 | 220.960 | 29.720 | 0 | 29.720 | 7.600 | 258.280 |
| 21.11.2022 | 245.980 | 203.900 | 52.000 | 255.900 | 43.320 | 545.200 |
| 22.11.2022 | 239.520 | 191.080 | 48.920 | 240.000 | 40.460 | 519.980 |
| 23.11.2022 | 213.800 | 246.400 | 50.480 | 296.880 | 36.260 | 546.940 |
| 24.11.2022 | 237.560 | 185.160 | 48.660 | 233.820 | 43.000 | 514.380 |
| 25.11.2022 | 217.020 | 179.580 | 55.260 | 234.840 | 39.760 | 491.620 |
| 26.11.2022 | 208.880 | 82.440 | 0 | 82.440 | 5.940 | 297.260 |
| 27.11.2022 | 202.540 | 28.540 | 0 | 28.540 | 7.720 | 238.800 |
| 28.11.2022 | 247.760 | 230.840 | 52.600 | 283.440 | 40.400 | 571.600 |
| 29.11.2022 | 232.280 | 191.200 | 49.600 | 240.800 | 34.120 | 507.200 |
| 30.11.2022 | 206.000 | 225.560 | 47.460 | 273.020 | 37.280 | 516.300 |
| Се вкупно | 6.783.060 | 4.998.980 | 1.126.660 | 6.125.640 | 898.900 | 13.807.600 |
| м.октомври | 6.998.220 | 4.880.420 | 1.234.920 | 6.115.340 | 859.400 | 13.972.960 |
| Разлика | -215.160 | 118.560 | -108.260 | 10.300 | 39.500 | -165.360 |

Во Прегледот што следи дадени се собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на подрачјето на Град Скопје и во руралните средини за период 01.01 до 30.11.2022 година:

| Месец | ЈП КХС – урбани средини | | ЈП КХС – рурални средини | | Вкупно собран отпад | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собран отпад | Тури | Собран отпад | Тури | Собран отпад | Тури |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (2+4) | 7 (3+5) |
| Јануари | 10.416 | 1.676 | 1.040 | 229 | 11.456 | 1.905 |
| Февруари | 10.292 | 1.584 | 936 | 207 | 11.228 | 1.791 |
| Март | 11.653 | 1.849 | 1.100 | 251 | 12.753 | 2.100 |
| Април | 12.246 | 1.698 | 1.152 | 238 | 13.398 | 1.936 |
| Мај | 12.892 | 1.833 | 1.241 | 268 | 14.133 | 2.101 |
| Јуни | 12.698 | 1.853 | 1.190 | 254 | 13.888 | 2.107 |
| Јули | 13.221 | 1.835 | 1.374 | 259 | 14.595 | 2.094 |
| Август | 13.468 | 1.874 | 1.475 | 294 | 14.943 | 2.168 |
| Септември | 13.243 | 1.878 | 1.381 | 290 | 14.624 | 2.168 |
| Октомври | 12.738 | 1.962 | 1.235 | 268 | 13.973 | 2.230 |
| Ноември | 12.681 | 1.878 | 1.127 | 247 | 13.808 | 2.125 |
| **Вкупно:** | **135.548** | **19.920** | **13.251** | **2.805** | **148.799** | **22.725** |

- **Собирање и транспортирање на комунален отпад од рурални средини**

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Сарај.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично и ангажирани се 10-12 специјални возила.

Во месец ноември/2022 година собраниот и транспортиран комунален отпад изнесува 1.127 тони и во споредба со м. октомври /2022 година кога беа подигнати 1.235 тони бележи намалување за 108 тони или за 8,74%. Направени се вкупно 247 тури.

| Ред. бр. | ОПШТИНА/БЛОК | Број на домаќинства | Подигнат отпад ( во кг.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Кисела Вода | | |
| | Вкупно: | 2.834 | **185.220** |
| 2. | Аеродром | | |
| | Вкупно: | 677 | **40.940** |
| 3. | Бутел | | |
| | Вкупно: | 3.732 | **154.000** |
| 4. | Гази Баба | | |
| | Вкупно: | 7.601 | **418.820** |
| 5. | Карпош | | |
| | Вкупно: | 644 | **26520** |
| 6. | Сарај | | |
| | Вкупно: | 4.516 | **301.160** |
| | *СЕ ВКУПНО:* | *20.004* | ***1.126.660*** |

## Селекција на отпад

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата се собира, пресува и складира, како и стаклото, хартијата и картонската амбалажа кои се собираат и складираат се предава на Нутривет - Пакомак.

Следи Преглед на собрани и предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа, стакло и лименки на Нутривет - Пакомак за период од 01.01 до 30.11.2022 година:

**Собрани и предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа, стакло и лименки**

| Месеци | ЈП Комунална хигиена | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2022 година | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) | Лименки (кгр.) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Јануари** | 0 | 0 | 27.920 | 0 |
| **Февруари** | 0 | 0 | 42.400 | 0 |
| **Март** | 3.790 | 34.380 | 44.540 | 140 |
| **Април** | 760 | 17.220 | 46.250 | 120 |
| **Мај** | 840 | 15.300 | 44.420 | 0 |
| **Јуни** | 0 | 18.120 | 47.570 | 0 |
| **Јули** | 0 | 18.140 | 38.740 | 0 |
| **Август** | 0 | 22.980 | 37.460 | 0 |
| **Септември** | 0 | 21.840 | 56.800 | 0 |
| **Октомври** | 0 | 14.280 | 31.290 | 0 |
| **Ноември** | 5.820 | 68.570 | 41.520 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***11.210*** | ***230.830*** | ***458.910*** | ***260*** |

## Одржување на јавната чистота

Во периодот од 01.01 до 30.11.2022 година, од вкупно планираната површина од 34.315.005 м$^2$ остварено е 33.535.000 м$^2$ или 2,27% помалку во однос на планираната.

Во Прегледите што следат може да се види планираното и оствареното по Општини, како и остварените зафати вкупно за сите Општини.

**Планирано и остварено по Општини и категории за м.ноември/2022**

| | ОПШТИНА | Планирано - м**2** | Остварено - м**2** | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Прва Категорија | Центар | 9.512.568 | 9.140.000 | |
| | Кисела Вода | 0 | 0 | |
| | Аеродром | 0 | 0 | |
| | Карпош | 0 | 0 | |
| | Чаир | 774.280 | 750.000 | |
| | Бутел | 0 | 0 | |
| | Гази Баба | 0 | 0 | |
| | Ѓорче Петров | 0 | 0 | |
| | Шуто Оризари | 0 | 0 | |
| | **Вкупно:** | 10.286.848 | 9.890.000 | **96** |

| Категорија | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Втора Категорија | Центар | 7.667.166 | 7.800.000 | |
| | Кисела Вода | 1.504.880 | 1.600.000 | |
| | Аеродром | 1.293.838 | 1.425.000 | |
| | Карпош | 4.047.290 | 3.375.000 | |
| | Чаир | 2.899.520 | 2.975.000 | |
| | Бутел | 493.168 | 525.000 | |
| | Гази Баба | 1.606.280 | 1.600.000 | |
| | Ѓорче Петров | 906.282 | 875.000 | |
| | Шуто Оризари | 25.480 | 24.500 | |
| | **Вкупно:** | 20.443.904 | 20.199.500 | **99** |
| Трета Категорија | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
| | Центар | 463.030 | 450.000 | |
| | Кисела Вода | 319.176 | 300.000 | |
| | Аеродром | 664.664 | 600.000 | |
| | Карпош | 697.970 | 600.000 | |
| | Чаир | 335.348 | 375.000 | |
| | Бутел | 224.770 | 225.000 | |
| | Гази Баба | 574.158 | 600.000 | |
| | Ѓорче Петров | 231.790 | 225.000 | |
| | Шуто Оризари | 73.320 | 70.500 | |
| | **Вкупно:** | 1.584.255 | 3.445.500 | **96** |
| ***Се вкупно:*** | | **34.315.005** | **33.535.000** | **98** |

**Вкупно остварени зафати за м.ноември– Одржување на јавната чистота**

| СЕ ВКУПНО ЗА СИТЕ ОПШТИНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | рачно метење | машинско метење (мали метл.) | машинско метење (големи метл.) | машинско перење | рачно перење | вкупно по смена |
| прва | 9.340.000 | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 9.890.000 |
| втора | 8.599.500 | 1.250.000 | 7.500.000 | 2.625.000 | 225.000 | 20.199.500 |
| трета | 3.445.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.445.500 |
| **Вк. по зафат** | 21.385.000 | 1.800.000 | 7.500.000 | 2.625.000 | 225.000 | 33.535.000 |

## II. Дополнителни дејности

- **Подигнати згазени и умрени животни од улиците на Град Скопје**

| **2022 г.** | **Подигнати животни** | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | **Кучиња** | **Мачки** | **Др.доб.** | |
| **Вкупно** | **37** | **40** | **0** | **77** |

## III. Други оперативни активности

- **ЕКО - патрола**

За месец ноември/2022 година Еко патрола има направено вкупно 76 записници од кои: 26 за комунален отпад и 50 едукативни.Откриени се 99 м$^3$ отфрлен градежен отпад и шут, кабаст отпад и гранки, 44 м$^3$ се расчистени до крајот на месецот.

Во табелата што следи може да се види бројот на направените записници за комунален отпад и едукативни записници по Општини:

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад | Откриен отпад М$^3$ | Едукативни записници | Вкупно направени записници |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6(3+5)** |
| 1. | Општина Центар | 5 | 7 | 4 | 9 |
| 2. | Општина Карпош | 1 | 1 | 11 | 12 |
| 3. | Општина Аеродром | 3 | 8 | 3 | 6 |
| 4. | Општина К.Вода | 4 | 13 | 4 | 8 |
| 5. | Општина Чаир | 6 | 23 | 10 | 16 |
| 6. | Општина Бутел | 1 | 4 | 2 | 3 |
| 7. | Општина Гази Баба | 5 | 35 | 13 | 18 |
| 8. | Општина Ѓ. Петров | 1 | 8 | 3 | 4 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно записници:** | **26** | **99** | **50** | **76** |

- **Дежурен телефон**

Во месец ноември/2022 г. на дежурниот телефон регистрирани се 101 јавување од граѓани. Најголемиот број од нив – 58 повици се однесуваат за неподигнат отпад од канти и контејнери, како и на повици за подигнување на кабаст отпад и шут – 29 повици.

Службите реагираат на јавувањата во најкус можен рок.

- **Еколошка едукација**

Одделението за Маркетинг и односи со јавност, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи.

Во м.ноември/2022 година, се спроведоа Еко предавања во 2 основни училишта во Општина Чаир каде беа опфатени 70 ученици. Исто така Еко предавања се одржаа и во 6 градинки во Општина Аеродром каде беа опфатени 298 деца од предшколска возраст.

## IV. Вонредни активности

Во текот на м.ноември/2022 година, ЈП Комунална хигиена Скопје беше ангажирана во расчистување на диви депонии од комунален отпад (градежен шут,земја,гранки и друго) на територијата на Град Скопје каде се расчистени вкупно 1.152 м$^3$ отфрлен отпад.

**Одделение за План и анализа**
**декември, 2022 г.**

**Изготвил:**
Раководител на Одделение План и анализа
**Емилија Владимирова**

**Контролирал:**
Раководител на Сектор за финансиски работи
**Катерина Бошковска**

**Одобрил:**
Пом. на Директорот за финасиски и правни работи
со овластување
**Елена Дудулоска**



КХС